Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12. 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за управување со отпадот во Општина Кочани во 2024 година
## I.

## ВОВЕД

Програмата на општина Кочани за управување со отпад е изготвена согласно донесените и усвоени подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за управување со отпад и Законот за животна средина и Стратегијата и План за управување со отпад на Република Македонија.

Од овие акти се произлезени Плановите и Програмите на општината и како крајно Плановите и Програмите за управување со отпад на сите правни и физички лица кои што управуваат со отпад.

Сите овие акти треба да бидат усогласени едни со други. Заедничко за сите овие акти е унапредување и заштита на животната средина, намалување на количината на создадениот отпад, негов адекватен третман, воведување на нови технологии во управувањето со отпад, третман на истиот преку искористување на отпадот како секундарна суровина и енергетско гориво, подигнување на јавната свест, евиденцијата и мониторингот, а се со цел намалување и елиминирање на штетното влијание врз животната средина.

## ОПШТ ДЕЛ

Со оваа програма се определува и планира начинот и динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад од домаќинствата и стопанските субјекти, отпочнување на примарна селекција на комуналниот отпад, дополнителни дејности на Јавното претпријатие како и организационо-техничката опременост на истото.

Со Програмата се опфатени урбанизираните делови на град Кочани каде се обезбедени основните инфраструктурни претпоставки и можности за вршење на оваа комунална дејност од поширок јавен интерес.

Димензионирањето и нивото на услугата како и динамиката претставуваат заокружена целина со почитување на урбаните, социјалните и културните навики на живеење. Освен во град Кочани услугата се обавува и во руралните делови на општината (с.Мојанци, с.Горни Подлог, с.Долни Подлог, с.Грдовци и с.Тркање), со што е опфатено 92,2% од населението на општина Кочани (извор попис 2004 г. каде општина Кочани има 38.092 жители, а опслужени се 35.130 жители).

Во зависност од бројот и видот на садовите за времено одлагање на комуналниот отпад, како и почитувајќи ги горе наведените навики и потреби, утврдена е динамиката

на собирање и транспортирање на отпадот што е исклучиво во интерес на задоволување на потребите на корисниците на услугите.

При постапувањето со комуналниот и другите видови неопасен отпад, КЈП „ Водовод„ се раководи според начелата: приоритет при управување со отпадот, заштита на животната средина, универзалност на услугите и начелото загадувачот плаќа, а се во согласност со Планот и Програмите за управување со отпадот на подрачјето на општина Кочани.

ПОСТОЈНО НИВО НА СОБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД

Врз основа на нашата евиденција за предходните години количините и составот на собраниот и депониран отпад од домаќинствата и стопанството на територијата на општина Кочани каде КЈП „Водовод“ го собира и транспортира комуналниот отпад се претставени табеларно во следната табела.

| ВИД НА ОТПАД | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | $m^3$ | % | $m^3$ | % | $m^3$ |
| хартија и картон | 13 | 8117 | 13 | 8097 | 13 | 8192 |
| стакло | 3 | 1873 | 3 | 1869 | 3 | 1891 |
| пластика | 13 | 8742 | 14 | 8722 | 13 | 8823 |
| метал | 1 | 625 | 1 | 623 | 1 | 630 |
| биоразградив отпад од кујни и кантини | 36 | 22479 | 35 | 22423 | 36 | 22686 |
| биоразградив отпад | 18 | 11239 | 19 | 12213 | 17 | 11343 |
| текстил | 3 | 2140 | 2 | 1621 | 4 | 2150 |
| измешан комунален отпад | 10 | 6244 | 10 | 6230 | 10 | 6302 |
| останато(друг отпад) | 3 | 1873 | 3 | 1869 | 3 | 1891 |
| | | | | | | |
| Вкупно во $m^3$ | | 56410 | | 63332 | | 63908 |

Во текот на 2022 до е собран и депониран 63908 $м^3$ отпад.

КЈП „Водовод“ има склучено договор со фирмата „Пакомак“ за собирање стакло и поставени се 13 контејнери специјално за стакло на фреквентни локации во градот.

ПОСТОЈНА ТЕХНИЧКА И КАДРОВСКА ОПРЕМЕНОСТ

Во склопот на КЈП „Водовод“, РЕ „Комунална хигиена“ е работна единица која е задолжена за управување со отпад.

Моментално располагаме со 2 специјални комунални возила за собирање на комунален отпад со капацитет од 8 $м^3$ , едно од 10 $м^3$ , две комунални возила со капацитет од 16 $м^3$ , едно од 22 $м^3$ едно од 5, едно од 4 и едно од 13 $м^3$ кои се опремени со механизми за утовар на стандардни канти за отпад со капацитет од 80 до 120 литри и механизам за

утовар на стандардни контејнери за отпад со капацитет од 1,1 $м^3$ а две од нив се опремени со механизми за подигнување на контејнери од 5 $м^3$ .

За тешко пристапни користиме два трактори со приколка.

За одржување на градската депонија имаме булдожер гасеничар.

За расчистување на диви депонии имаме на располагање една комбинирана градежна машина скипер и два кипери.

За редовно одржување и поправка на возилата имаме сопствен сервис.

Кадровската опременост во РЕ„Комунална хигиена“ е следната:

- Раководител на РЕ„Комунална хигиена“
- Раководител на сектор чистоа
- Раководител на сектор механизација и одржување
- Раководител на сектор јавна чистота
- 24 општи работници утоварачи на смет
- 11 возачи на тешки моторни возила
- 2 возачи на трактори
- 1 машинист
- 18 метачи
- 3 автомеханичари
- 1 автоелектричар
- 2 бравари
- 1 металостругар

ПЛАНИРАНИ ТЕХНИЧКИ И КАДРОВСКИ ПРОМЕНИ

Во наредните години за подобрување на услугата планираме да набавиме стандардни садови за комунален отпад со капацитет од 120 литри согласно потребите на граѓаните, две специјални комунални возила за собирање и транспорт на отпад и едно специјално возило цистерна.

Постоечките трактори кои ги користиме за транспорт на отпад планираме доколку е тоа можно потполно да ги замениме со други посоодветни возила кои ќе можат да пристапат на тешкопристапните терени.

За заштита на околината од евентуални пожари, околу градската депонија секоја година правиме заштитен појас и планираме и во наредните години да го практикуваме истото.

На државно ниво се планира изградба на регионална депонија со што би дошло до затворање на постоечката градска депонија. КЈП „Водовод“ по однос на процесот на затворање на градската депонија ќе постапи согласно упатствата дадени од државните и општинските органи.

II.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-2212/1 | Претседател |
| 15.12.2023 година | на Советот на Општина Кочани, |
| К о ч а н и | Лазо Митев |